Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

# Натпревар во цртежи и есеи

**Европскиот ден на правдата** се прославува секоја година околу 25 октомври. Целта е **правдата** да се доближи поблиску до граѓаните и граѓанките, тие да се информираат за нивните права и да се промовира работата на Европската унија и на Советот на Европа на полето на пристап до **правдата.**

Од 2020 година, Европскиот ден на правдата се одбележува во Северна Македонија со отворени настани и останати активности кои се спроведуваат како дел од заедничката програма на ЕУ и Советот на Европа „Хоризонтален инструмент за Западен Балкан и Турција“.

## Да ја доближиме правдата поблиску до граѓаните и граѓанките!

Оваа година, **Европскиот ден на правдата** ќе биде одбележан со организирање на натпревар во цртање и есеи **„Да ја доближиме правдата поблиску до граѓаните и граѓанките“**.

Ги повикуваме граѓаните/граѓанките од сите региони на Северна Македонија, да земат учество во овој натпревар чија цел е да се подигне свеста за важноста на пристапот до правдата за сите, без дискриминација, во согласност со европските стандарди.




ИНФОРМИРАЈ СЕ ЗА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ

EUROPEAN DAY OF JUSTICE

share the LOVE 2.0

ЕУ со ТЕБЕ

Кофинансиран од Европската Унија

ЕВРОПСКА УНИЈА

COUNCIL OF EUROPE

CONSEIL DE L'EUROPE

Кофинансиран и имплементиран од Советот на Европа

# Правила и опис на натпреварот во цртежи

**Рок за пријавување:** **од 29 септември до 25 октомври 2025**

**Правила:** Со оригинални и **креативни** цртежи/слики, натпреварувачите треба да ги претстават korista и предноста коишто еднаквиот пристап до правдата може да ги донесе во сечиј живот. Сите цртежи треба да се испратат со кратко објаснување на македонски јазик, како и на кој било од јазиците што ги зборуваат заедниците во Северна Македонија, објаснувајќи го делото и како е поврзано со темата.

**Возраст:** Натпреварот ќе биде отворен за деца и млади уметници на возраст од **6-18** години од Северна Македонија. Тие ќе се натпреваруваат во две категории:
Категорија 1: Од 6 до 12 години
Категорија 2: Од 13 до 18 години

**Опис:** Натпреварот во цртежи/слики ги охрабрува младите уметници и да ја изразат нивната визија за **правда, еднаквост, правичност и човекови права, како и борба против говорот на омраза и нетолеранцијата** преку нивните цртежи. Цртежите ќе се оценуваат според креативното толкување на децата и младите на **правдата, на човековите права, на еднаквоста и разноликоста.** Ќе се земат предвид и техничките вештини и квалитетот на цртежите. Особено се охрабруваат да учествуваат оние што пренесуваат позитивен и моќен контекст или порака во своите цртежи. Цртежите ќе се оценуваат и врз основа на релевантноста на нивната порака и нивните уметнички заслуги.

Учесниците смеат да користат молив, мастило, креда, креони, водени бои или кои било други традиционални средства за цртање. Сепак, дигитални цртежи и цртежи направени со помош на вештачка интелигенција, нема да се прифаќаат. Уметничкото дело треба да биде нацртано на хартија или на платно со големина од А4 до А2.

**Избор**: Процесот на евалуација ќе го спроведе тим за проценка составен од претставници и претставнички на Советот на Европа, млади луѓе од тимот на Младите европски амбасадори во Северна Македонија, како и независни професионалци и професионалки со релевантно искуство.

**Како да учествуваш**? Цртежите може да се доставaт во Програмската канцеларија на Совет на Европа во Скопје (Деловен центар „Соравиа", ул. „Филип Втори Македонски" бр. 3, 1000 Скопје) или да се испратат на е-адресата DG1.FLA.NM@coe.int, скенирани во висока резолуција. Сите цртежи мора да бидат поднесени со податоци за името, презимето и возраста на авторот, краток опис на делото и информации за контакт. Учесниците можат да поднесат најмногу три (3) цртежи.

# Правила и опис на конкурсот за есеи

**Рок за пријавување: од 29 септември до 25 октомври 2025**

**Правила:** Оригиналните и **креативни** есеи треба да ги прикажуваат придобивките и предностите што еднаквиот пристап до правдата може да ги донесе во животот на секого. Есеите треба да се доставaат на македонски јазик, како и на кој било од јазиците што ги зборуваат заедниците во Северна Македонија. Оние што поднесуваат есеи на јазик што не е македонски, треба да доставaат и превод на есејот на македонски јазик. Доколку бидат избрани, есеите напишани на јазик различен од македонскиот ќе бидат објавени и на нивниот оригинален јазик заедно со превод на македонски јазик.

**Возраст:** Конкурсот за есеи ќе биде отворен за сите млади луѓе од Северна Македонија помеѓу 15 и 28 години. Тие ќе се натпреваруваат во две категории:

Категорија 1: 15-19 години
Категорија 2: 20-28 години

**Опис**: Конкурсот за есеи ги охрабрува младите луѓе да се изразат себеси и својата визија преку краток есеј за тоа како ја замислуваат правдата, еднаквоста, различноста и што значат човековите права за нив, како и зошто е важно да се бориме против омразата и нетолеранцијата во општеството.

Учесниците и учесничките се слободни самите да ги изберат насловот и темата, а како предлог се охрабрени да пишуваат на теми како што се: еднаков пристап до правда за сите, промовирање на инклузивност и различност, борба против дискриминација и говор на омраза, стопирање на трговијата со деца за просење, Ромките како агентки на промени во нивните заедници. Овие теми се дадени како примери, но есеите не мора нужно да бидат ограничени на овие теми. **Употребата на алатки за вештачка интелигенција е забранета, а есеите генерирани или напишани преку вештачка интелигенција ќе бидат дисквалификувани.**

Есејот треба да содржи максимум 900 зборови (без насловот и името и презимето на учесникот). Есеите мора да бидат доставени во Word или PDF формат на документ (*.doc) или (*.pdf), користејќи го фонтот Times New Roman, големина 12, со растојание од 1,5 за форматирање. На дното од документот на посебна страница, мора да биде напишан насловот на есејот, името и презимето на учесникот/учесничката, возраст, град и контакт е-адреса и телефонски број.

**Избор:** Процесот на евалуација ќе го спроведе тим за проценка составен од претставници и претставнички на Советот на Европа, млади луѓе од тимот на Младите европски амбасадори во Северна Македонија, како и независни професионалци и професионалки со релевантно искуство.

**Како да учествуваш?** Предложените есеи може да се поднесат или со доставување на есеите до Програмската канцеларија на Советот на Европа во Македонија (Деловен центар „Соравиа", ул. „Филип Втори Македонски" бр. 3, 1000 Скопје) или со нивно испраќање по е-пошта на DG1.FLA.NM@coe.int. Учесниците и учесничките можат да поднесат најмногу по еден (1) есеј.

# Општи правила за натпреварот по цртање и есеи

**Изложба:** Сите квалификувани цртежи ќе бидат изложени пред јавноста на 20 ноември 2025 година. Квалификуваните есеи ќе бидат објавени во брошура, која ќе биде дистрибуирана до квалификуваните натпреварувачи, а ќе биде и дигитално достапна. За време на изложбата, ќе бидат објавени победниците во сите категории и ќе им бидат доделени сертификати. Победниците/победничките на натпреварот за цртежи и есеи ќе бидат промовирани на каналите на Советот на Европа, а победничките цртежи ќе бидат испечатени како постери и дистрибуирани во рамките на иницијативата за подигање на свеста за FLA и понатаму ќе бидат искористени во материјалите на Советот на Европа (извештаи/брошури/студии).

**Права на интелектуална сопственост:** Со поднесување на уметничкото дело, авторот (родителот/законскиот старател на авторот помлад од 18 години) потврдува дека е единствениот/ната сопственик/чка на правата на интелектуална сопственост на тоа уметничко дело. Авторот потврдува дека ја почитувал важечката легислатива во однос на добивањето согласност за користење на фотографиите од лицата прикажани на нив и има право да го достави ова уметничко дело.

Со поднесување на уметничкото дело, авторот (родителот/законскиот старател на авторот помлад од 18 години) му доделува на Советот на Европа не-ексклузивна и бесплатна лиценца за целиот свет и за целиот период на заштита од важечките закони за заштита на правата на интелектуална сопственост за користењето на уметничките дела како што следува:

- Уметничките дела може да бидат изложени во Советот на Европа и во рамките на релевантните настани на Советот на Европа, како на пример, но не ограничувајќи се на, Меѓународниот ден на човековите права, во кој било формат, за да се претставуваат учесниците и нивните соодветни уметнички дела;
- Уметничките дела може да се користат за цели за подигање на свеста за работата на Советот на Европа во форма на промотивни материјали (брошури, постери, летоци...) и за онлајн комуникација (вклучувајќи ги и социјалните медиуми). Кога делата ќе бидат изложени, соодветно ќе се посочат авторите, како и името на натпреварот „Да ја доближиме правдата поблиску до граѓаните и граѓанките“.
- Советот на Европа го задржува правото да не ги изложува уметничките дела.

Советот на Европа веднаш писмено ќе го извести авторот, во детали, доколку забележи некои од следниве работи:

- какво било конкретно кршење на правата на интелектуална сопственост, ако се сомнева во такво нешто или ако забележи закана за кршење на правата; или
- какво било изнесено тврдење или закана дека делото прекршува некои права на трета страна; или
- каква било форма на напад, обвинување или тврдење на кое би можеле да бидат предмет правата на интелектуална сопственост.

Во однос на овие прашања:

- авторот, по своја апсолутна дискреција, ќе одлучи какви дејствија да преземе, доколку презема;
- авторот ќе има ексклузивна контрола врз побарувањата и преземањето на сите постапки;
- Советот на Европа нема да даде никакви признанија на никој друг освен на авторот и ќе ја обезбеди сета помош што разумно може да ја побара авторот при водењето на неговите постапки и побарувања; и
- авторот ќе ги сноси трошоците за каква било постапка и има право да ги задржи сите суми повратени во која било постапка за своја сметка.

**Права за заштита на податоци**: Обработката на личните податоци на авторот е уредена со Регулативите на Совет на Европа за заштита на лични податоци донесени од Советот на министри на 15 јуни 2022 година.

*Оваа иницијатива се спроведува со финансиска поддршка на Европската унија и на Советот на Европа. Нејзините содржини се единствена одговорност на авторот(ите). Изразените ставови во никој случај не може да се сметаат дека го одразуваат официјалното мислење на Европската унија или на Советот на Европа.*